ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

Тел. +389 78-203 378
E-mail : snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 0607/22**
Дата : **06/07/2022**
Купувач: С. Неделковска
Рок на доставување: **20/07/2022**

**До:**
E-mail :
Број на страни: 6+1+1+1+1

| | |
|---|---|
| X | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за набавка на: **осумнаесет (18) возила под оперативен лизинг (деловен закуп) согласно спецификацијата прикачена во прилог за:**

**5 години, (20.000 km / годишно), 100.000 km вкупно**

## 1. *Инструкција за понудувачите:*

➢ **Потврда за прием на Барањето понуда и Изјава за учество**

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од три (3) работни денови од денот на доставувањето на овој документ, со известување преку E-mail до лицата за понатамошна комуникација:

e-mail: snedelkovska@helpe.gr 078-203-378

cc e-mail: adimitrievski@helpe.gr 076-221-838

## 2. Доставување прашања за појаснување

Прашања и/или барања согласно ова Барање за понуда треба да бидат доставени **само во пишана форма (преку e-mail) до лицата за комуникација наведени во точка 1.1 ;**
ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени **истовремено** до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање понуда;

### 3. Предмет на Барањето понуда

Предмет на ова Барање понуда е склучување на пет (5) годишен лизинг договор за еден од следниве патнички возила дадени подолу:

| # | Количина | Модели | Јачина на мотор | Капацитет на цилиндри |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 18 | Hyundai I30, Skoda Scala, Toyota Corolla, Ford Focus, OPEL Astra, Citroen C4, Peugeot 2008 | min 90 HP | min 1.0 за бензин<br>min 1.5 за дизел |

Детален опис на индикативна минимална потребна опрема се дадени во **Техничката спецификација (прилог 2)** на ова Барање понуда.

**Достапност на возила:** Достапни најдоцна до **180 дена** од добивањето на потврда (порачка) за избор на најповолен добавувач.

Најповолниот добавувач **најдоцна 3 (три) работни дена од приемот на порачката** треба да испрати конфирмација на порачката со печат и потпис на одговорно лице и проценет временски рок на испорака на нарачаните возила. Добавувачот ќе направи максимални напорни да ги испорача возилото/возилата што е можно побрзо и не подоцна од 180 работни дена од приемот на порачката.

### 4. Доставување на понуди

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во **надворешен затворен коверт** со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 0607/22"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени **два (2) затворени коверти** и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 20/07/2022.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат**

5. **Тендерска документација**

- **Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават следниве документи:**

- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Р.С.Македонија не постара од 30 дена;
- Давателот на лизинг мора да има искуство од минимум 3 години;
- Референтна листа;
- Најмалку две (2) препораки од други клиенти кои во претходните 5 години користеле исти услуги од компанијата;
- Потврда дека по истекот на договорот, закупецот (ОКТА) има право да купи било кој од вратените автомобили во вредност иста со остаточната вредност на автомобилите дадена во понудите; како и прифаќање на сите спецификации на возилата и барања за сервисирање наведени во Прилозите;
- Прилог 2 **Техничката спецификација,** со видно означено кој дел од опремата на возилата е понуден;
- Изјава потпишана и заверена од страна на понудувачот дека прифаќа да испорача привремени единаесет (11) или осумнаесет (18) возила (согласно техничките детали наведени во **Техничка спецификација на привремените возила** прилог 3**). Во изјавата е потребно да се наведе и моделот / моделите на привремените возила.**
- Прифаќање (со потпис и печат) на административните мерки
- Прифаќање (со потпис и печат) на казнените пенали наведени во точка 7 подолу
- Општите услови на Лизинг компанијата кои се дел од договорот за лизинг.

- **Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

**НАПОМЕНА:** Наведените цени во понудата треба да ги вклучуваат сите елементи и барања наведени во **Прилог 4 (Финансиска понуда).**

- Понудата треба да содржи цени изразени **во ЕВРА без вклучен ДДВ** за:

1. набавна цена на секое поединечно возило;
2. остаточна (преостаната) вредност на секое поединечно возило. Остаточната вредност треба да се утврди при добивањето на понудата и не смее да биде променлива за времетраењето на договорот. ОКТА нема да плаќа дополнителни трошоци врз основа на било какви алтернативни претпоставки од страна на давателот на лизинг;
3. вкупно месечно задолжување (претплата);
4. вкупно месечно задолжување (претплата) за привремените возила до испорака на новите возила;
5. цена за еднократна првична рата исплатена пред добивањето на возилата;
6. цена по километар (km) над и под лимитот дефиниран во договорот;

- Сите цени наведени погоре ќе останат непроменети за целокупното времетраење на договорот;
- понудата треба да ги вклучува сите посебни услови и понуди од давателот на лизинг услугите;
- Понудата е потребно да ги вклучува и сите услуги наведени во прилогот **Услуги вклучени во договорот за оперативен лизинг на возила (прилог 1);**
- Понудата за привремените возила потребно е да ги вклучува и сите услуги наведени во **Услуги вклучени во договорот за оперативен лизинг на возила (прилог 1);**
- **Трошоците за осигурување треба да се исклучат од понудата;**

За секој понуден модел, давателот на лизинг услуга ќе ги изрази цените кои ќе бидат составен дел на договорот за период дефиниран подолу:

- **5 години, (20.000 km / годишно), 100.000 km вкупно;**
- **Понудените возила потребно е да бидат нови и некористени со година на производство 2022 / 2023**

**Забелешка:**

**Понудувачите е потребно да достават две опции за секој понуден модел и тоа:**

➢ **ОПЦИЈА I**

1. Понуда за осумнаесет (18) возила со испорака согласно понудата на Лизинг компанијата

➢ **ОПЦИЈА II**

1. Понуда за единаесет (11) возила со испорака согласно понудата на Лизинг компанијата;
2. Понуда за седум (7) возила со **испорака Јуни 2023 година – цената за овие 7 возила треба да биде загарантирана од страна на понудувачот и не смее да претрпи измени пред испораката на возилата.**

## 6. Важност на понудата

Доставените понуди ќе важат за период од три (3) месеци од крајниот рок за доставување понуди.

## 7. Казнени пенали:

- Во случај на доцнење на рокот на испорака предвиден во договорот, закуподавачот е должен да обезбеди заменски возила за замена за секој ден доцнење до испораката на новонарачаните возила
- Без оглед на обезбедувањето на заменски возила, доколку закуподавецот не ги испочитува роковите поврзани со испораката на некое од возилата, предмет на договорот, тој е должен да му плати на закупецот на име договорна казна износ од 0,05% од износот определен како месечна закупнина, за секој ден на пречекорување на рокот, но не повеќе од збирот на две месечни рати за конкретното возило. Исплатата на договорната казна по основ на доцнење со извршување на работата, во никој случај не влијае на правото на ОКТА да бара надомест на штета, во случај таква да е причинета како резултат на доцнењето.
- Казната нема да се пресметува и плаќа доколку неисполнување на роковите е предизвикана од причини поврзани со закупецот, договор помеѓу страните, виша сила или мерки на надлежните органи.

## 8. Доделување на тендерот

Како резултат на овој тендерски процес, најуспешниот понудувач ќе склучи договор со ОКТА за период од 5 (пет) години.

## 9. Прилози

Следниве прилози се прикачени на ова Барање понуда и се составен дел на тендерот:

- Прилог I – Услуги кои е потребно да бидат вклучени во цената;
- Прилог II - Техничка спецификација на возилата – минимална опрема;
- Прилог III - Техничка спецификација на привремените возилата – минимална опрема;
- Прилог IV – Финансиска понуда;
- Административни мерки.

## Завршни одредби

- Со доставување на Понудата, понудувачите се изјаснуваат дека го имаат разработено ова Барање и се целосно свесни за релевантните барања што се вклучени во овој документ и се одговорни за содржината на нивната Понуда;
- Понудите треба да бидат доставени во затворени, јасно обележани коверти. Понудите испратени на E-mail **нема** да бидат разгледувани;
- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и се одбере најповолниот понудувач;
- Во случај на доцнење на нарачаните возила од било кои причини согласно рокот на испорака дефиниран во понудата, Понудувачот прифаќа без никаква промена во цената да обезбеди заменски возила на ОКТА се до испорака на нарачаните возила;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да преговара со еден или повеќе Понудувачи;
- ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање понуда;

Поздрав,
Симона Неделковска

Менаџер на Набавка,
Александар Димитриевски